AUSTRIAN DEVELOPMENT AGENCY

Gender Budget Watchdog Network

for a gender equal region

Sida

SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

2024

# ИЗВЕШТАЈ

## Групи најизложени на ризик во услови на криза



## Луѓе од рурални средини во услови на криза


CRPM Center for Research and Policy Making

... policy impact since 2004

Центар за истражување и анализи НОВУС

# Содржина:

**Вовед:** ........ 3

**Заклучок:** ........ 5

**Предлог мерки:** ........ 6

Предлог мерки до институциите: ........ 6

Предлог мерки за заедницата: ........ 6

Austrian Development Agency
Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region
Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

# Вовед:

Живеејќи во динамичен свет, секојдневносме изложени на ризици од најралична природа. Според Извештајот за ризик од 2023 година на Светскиот економски форум, најголем заканувачки ризик за човекот во најновото модерно општество е кризата врз трошоците за живот, односно економската криза.

Според ова, проектот Идентификување и промовирање на инклузивни решенија во услови на криза, има за цел да ги идентификува групите најизложени на ризик во услови на криза, преку најразлични алатки за истражување на моменталната состојба и да изготви предлог решенија за намалување на ризикот на овие групи во услови на криза.

Во првичните фази на проектот беше спроведено исцрпно истражување со користење на инклузивни алатки за истражување.Целта на истражувањето беше да се спроведе темелна анализа на политиките во Југоисточниот плански регион во однос на родовата еднаквост во услови на криза, но и да се идентификуваат потребите, искуствата, причините и последиците со кои се соочуваат жените и најранливите категории граѓани во услови на криза.

Целните групи на ова истражување беа лицата коишто се најзасегнати во услови на криза во четирите општини во Струмичкиот микро регион (Босилово, Василево, Струмица и Ново Село). Инклузивнипот избор на испитаници обезбеди различни перспективи за да ја добиеме целосната комплексна слика за влијанието што ја има кризата врз родовата еднаквост, се разбира, со особен фокус кон групите коишто се најизложени на ризик.

Овде ги вклучивме:

- Граѓаните коишто живеат во руралните средини, изложени на дополнителни предизвици и коишто често се соочуваат со ограничен пристап до ресурсите и услугите во услови на криза;
- Лицата со инвалидитет, каде што ги идентификувавме и анализиравме нивните потреби и предизвици во кризни ситуации, како и пристапот до соодветни услуги и ресурси што влијаат на родовата еднаквост;
- Испитаници од маргинализирани заедници, коишто припаѓаат во етнички или социо-економски маргинализирани групи, каде што нивната вклученост придонесе кон воочување на отежнатите услови и трошоците за живот со кои се соочуваат овие лица во услови на криза.

Истражувањето користеше комбиниран пристап, интегрирајќи квалитетни и квантитивни методи со што се обезбеди целосна и комплексна анализа на влијанието на кризата врз родовата еднаквост. Покрај теренското истражување и онлајн анкетирањето кое беше спроведено на територија на Југоисточен регион, користевме и методи на фокус групи со маргинализирани групи и организации кои работат со маргинализирани групи во услови на криза, и спроведовме 3 интервјуа со лица кои припаѓаат на маргинализираната заедница.

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004
ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ НОВУС

# Луѓе од рурални средини во услови на криза

При креирање на методологијата за спроведување на теренското истражување, една од целните групи на која посебно се посветивме беше граѓани коишто живеат во руралните средини, кои се секојдневно изложени на дополнителни предизвици и коишто чество се соочуваат со ограничен пристап до ресурси и услуги во услови на криза.

20% од испитаниците на спроведеното истражување, се класифицирале како наслеение од рурални области, што ни овозможи подобро да ги воочиме проблемите и да понудиме решенија и институционални промени за оваа група на граѓани. При интерпретација на податоците, голем дел од одговорите се сведуваа на намалените можности на лицата од руралните средини. Покрај проблемот со превозот, увидовме дека дел од испитаниците се соочуваат со ограничени можности за вработување, ограничени образовни можности, инфраструктурни тешкотии кога станува збор за лицата со попреченост итн.

Проблемот со пристапот до услугите во руралните области претставува сериозен заканувачки предизвик за социо-економскиот развој на маргинализираните групи во државата. Етничките малцинства од руралните области се особено изложени на овие предизвици. Како главни проблеми кои ги детектиравме во тек на истражувањето, фокус групите и интервјуата беа изградбата или недостигот на квалитетни патишта и канализација. Овие два клучни проблеми носат до поголеми проблеми како оневозможен пристап до работни места, образовни институции, отежнат пристап до здраствеи услуги и основни човекови секојдневни потреби. Од овие фактори, заклучивме дека дел од населението,, особено етничките малцинства се секојдневно изложени на живеење во услови на криза. Немаат основни услови за живот што резултира со намален социо-економски развој во руралните области и со ставање на населението во поголем ризик во услови на поголеми кризни ситуации како воени состојби, пандемии, економски кризи итн.

Како најзаканувачки проблем исто така, се јави степенот на образование кај дел од населението во руралните средини, што доведе до прашањето за економската независност особено на жените од руралните средини. На неколку наврати увидовме дека некој сеуште смтаат дека во услови на криза, временска непогода или катастрофа, жените најпрво го бараат мажот во фамилијата, а подоцна тој ја пренесува информацијата до надлежните институции.

Како продолжение на овие резултати, беше спроведено интервју каде испитаникот сподели лично искуство во услови на криза каде беше нагласена важноста на институционалните промени, покрај подигигање на јавната свест на граѓаните, за редовно одржување на брани патишта но и спроведување на законска казнивост.

**Во прилог споделуваме дел од изјавата на испитаникот:**

**“Во руралните области, се соочуваме со сериозни предизвици како што се поплави поради испуштање на брани, непоправени дупки на патот, присуство на диви депонии и незаконско палење на отпадоци. Навечер, воздухот е значително загаден, една од причините е тоа што отпадоците не се депонираат соодветно и се палат штетни материјали. Најсагрижувачки е тоа што заедницата не добива доволно внимание и помош, но и нема доволно развиена свест за овие проблеми.**

**За решавање на овие проблеми, сметам дека покрај подигање на свеста на граѓаните кои живеат во руралните средини, потребни се и институционални промени како редовно одржување на браните, одржување на патиштата, заедничка борба против дивите депонии, законска казнивост на луѓето кои палат отпад и соработка помеѓу институциите. “**

Во посочениот текст особено се истакнува потребата за институционална промена, која испитаникот смета дека е најпотребен елемент што ќе доведе до поголеми промени и зајакнување на социо-економскиот развој на населението во руралните средини. Голема улога во овие проблеми играат и граѓаните и нивната свест за одржување на животната средина, рециклирање, образување и доедукација, додека пак делот за одржување на патиштата, браните, и законската казнивост е институционална промена која мора да се случи.

Во изминативе години се соочивме се повеќе со емиграција на помладото население од руралните средини, без разлика дали е во поголеми градови или надвор од државата, ова доведе до игнорирање на потребите на повозрасната група на граѓани особено во руралните средини од страна на иснтитуциите. Додека пак игнорирањето од страна на иснтитуциите доведе до се помасовно ислеување на населението од руралните во урбаните средини, кој креира дополнителни проблеми и предизвици за заедницата и населението.

## Заклучок:

Проблемот со пристапот до услугите во руралните области претставува сериозен заканувачки предизвик за социо-економскиот развој на маргинализираните групи во државата. Етничките малцинства од руралните области се особено изложени на овие предизвици. Како главни проблеми кои ги детектиравме во тек на истражувањето, фокус групите и интервјуата беа изградбата или недостигот на квалитетни патишта и канализација

Потребата за институционална промена се истакнува како најбитна, што ќе доведе до поголеми промени и зајакнување на социо-економскиот развој на населението во руралните средини. Голема

улога во овие проблеми играат и граѓаните и нивната свест за одржување на животната средина, рециклирање, образување и доедукација, додека пак делот за одржување на патиштата, браните, и законската казнивост е институционална промена која мора да се случи.

# Предлог мерки:

Предлог мерките може да ги поделиме на два дела, предлог мерки до институциите, и предлог мерки за општата заедница, кои може секој еден од нас да ги преземе. Во прилог може да ги проследите мерките кои заедницата и институциите од Југоисточен регион може да ги преземат како следни чекори за подобрување на пристапот до можности на населението од руралните средини:

## Предлог мерки до институциите:

1. **Изградба и подобрување на инфраструктурата**

Инвестирање во изградба и подобрување на квалитетни патишта и канализација во руралните области. Ова ќе овозможи подобар пристап до услуги и зголемена поддршка за развојот на заедниците.

2. **Подобрување на законската казнивост и контрола:**

Строги казни и контрола за неправилностите во одржувањето на инфраструктурата, како што се патиштата и канализацијата, можат да се наложат за да се осигура нивната долгорочна функционалност и квалитет.

3. **Воведување на градски превоз**

Институциите е важно да им овозможат на граѓаните непречен пристап до институциите и секојдневните потреби. Ова ќе доведе до полесен пристап до образовни можности, здраствени услуги и можности за дополнителни вработувања.

4. **Поддршка за граѓанско учество и свест**

Институции можат да обезбедат образовни кампањи и програми за граѓанско учество, со фокус на одржливоста на животната средина, рециклирање и одговорност кон заедницата.

## Предлог мерки за заедницата:

Како заедница и како индивидуалци може да придонесеме кон превенција на поголеми секојдневни изложувања на ризици на маргинализираната заедница, со што ќе придонесиме и кон намалување на ризиците во услови на криза. Како предлог мерки кои секој од нас може да ги преземе ги издвојуваме:

1. **Волонтирање во локални или национални организации:**

Голем број на невладини организации работат кон олеснување на секојдневниот живот на маргинализираната заедница, со што во услови на криза играат голема улога кон поддршка на овие луѓе. Секој индивидуалец може да се вклучи со волонтирање во овие организации и да придонесе кон намалување на ризици и пружење најразлична помош на маргинализираната заедница во услови на криза.

**2. Подигање на свеста за поддршка за маргинализираната заедница**

Индивидуалците може да работат на подигање на колективната свест за проблемите и ризиците со кои се соочуваат маргинализираните луѓе во услови на криза. Ова може да вклучува организирање информативни отворени денови заедно со локалните организации, организирање сесии, работилници и обуки за јавноста на теми поврзани со пружење помош во услови на криза итн.

**3. Активно слушање и поддршка**

Индивидуалците може да покажат поддршка преку активно слушање на поребите и предизвиците на маргинализираната заедница и преку понуда на адекватна помош, да пружат поддршка на маргинализираната заедница.